(3) Списокот од ставот (1) на овој член, пред почетокот на Собранието, Управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на Собранието, е должен да ја прибави состојбата од акционерската книга на Друштвото што ја води Централниот депозитар на хартии од вредност и да го спореди со состојбата на оваа акционерска книга. Списокот на присутните акционери го потпишува секој присутен акционер, а потпишаниот список го заверуваат претседавачот на Собранието и записничарот.

### 3. Полномошникот на акционерот на Собранието

Член 34

(1) Секој акционер може да овласти, со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар, свој полномошник на Собранието.

(2) За полномошник од ставот (1) на овој член, не може да биде определено лице, односно член на орган спротивно на ставот (2) на членот 392 од ЗТД.

(3) Писменото полномошно од ставот (1) на овој член се издава за период од четири години, колку што трае мандатот на членовите на Управниот одбор и на членовите на Надзорниот одбор, и може да се откаже еднострано, од акционерот или од полномошникот, без наведување на причините, со доставување писмено известување. Ако акционерот кој овластил полномошник на Собранието, самиот тој присуствува на Собранието, и тогаш кога на истото Собрание присуствува и полномошникот, се смета дека акционерот му го откажал полномошното на полномошникот да го претставува акционерот на свиканото Собрание.

(4) Полномошникот на акционерот во Собранието може да гласа по сопствена определба, доколку полномошното не содржи ограничувања. Ако полномошното содржи ограничувања за полномошникот, пред да гласа, ако гласањето е јавно, мора да укаже на ограничувањата.

4. Водење на Собранието, кворум за работа и остварувањето право на глас во Собранието

Член 35

(1) Со седниците на Собранието претседава претседавачот, кој се избира за секое одделно Собрание и кој го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието.

(2) За претседавач на Собранието не може да биде избран член на Управниот одбор и член на Надзорниот одбор.

(3) Ако дојде до прекин на седницата на Собранието, Собранието може да продолжи со работа, ако акционерите присутни на Собранието со обично мнозинство одлучат Собранието да продолжи со работа. Одложувањето на Собранието не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

(4) Одлуките донесени на Собранието коешто по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на којашто Собранието продолжило да работи, Собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по коишто не е одлучувано.

Член 36

(1) Правото на глас се стекнува со целосната уплата на паричниот влог, односно целосното внесување на непаричниот влог.

(2) Со давањето на акциите во залог, не се губи правото на глас.

(3) На акционерот му се ограничува остварувањето на правото на глас, ниту лично ниту преку полномошник, за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување кое Друштвото го има спрема него или од одговорност или кога му се признава ненаква предност или привилегија на сметка на Друштвото, односно кога се гласа за одлука за поведување спрема него на судска или на друга постапка.

Член 37

(1) Ако Собранието не определи друг начин на гласање, гласањето во Собранието е јавно.

(2) Ако со законот и со овој Статут не е утврден начинот на гласање, а на седницата на Собранието не го определи начинот на гласањето, тогаш претседавачот го определува начинот на гласањето.

(3) Ако со законот и со овој Статут е утврдено јавно гласање за донесување на некоја одлука, на барање на еден или на повеќе акционери на седницата на Собранието, кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас да се гласа тајно, се пристапува кон тајно гласање.

(4) Акционерите можат да гласаат на свикано Собрание и преку телефон или преку мобилен телефон, ако на сигурен начин може да се утврди идентитетот на секој акционер, кога свиканото Собрание не учествува ниту еден акционер, како тогаш кога дел од акционерите присуствуваат на Собранието, а дел од акционерите кои не присуствуваат на Собранието, а гласаат по телефон или по мобилен телефон.

(5) Акционерот кој гласа по телефон или по мобилен телефон се смета за присутен на Собранието. За да може да се смета акционерот кој не е присутен на Собранието за присутен на Собранието, а гласа по телефон или по мобилен

телефон, своето учество во Собранието мора да го пријави со пријава за учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание до Управниот одбор, односно до лицето овластено за свикување на Собранието.

(6) Одлука со тајно гласање не може да се донесува со гласање по телефон или по мобилен телефон, односно тогаш кога не се присуствува на седницата на Собранието.

Член 38

(1) Тајното гласање го спроведува комисија од три члена избрана со одлука на Собранието од редот на акционерите присутни на Собранието, доколку некој од нив не е член на Управниот одбор, односно член на Надзорниот одбор.

(2) Тајното гласање мора да биде спроведено на начин од кој не може да се утврди на кој и да било начин идентитетот на акционерите кои гласале. За да се избегне на кој и да било начин препознавањето на идентитетот на акционерите кои гласале тајно, на гласачките ливчиња не смее да стои името и презимето на акционерот ниту неговиот број на акциите со право на глас претставени на Собранието, но збирот на акциите со право на глас на сите присутни акционери на Собранието мора да биде еднаков како на збирот на овие акции од списокот на пријавените акционери спореден со состојбата на акционерската книга добиена од Централниот депозитар на хартии од вредност.

Член 39

Кога со одлуката на Собранието, односно кога со одлуката за измена на Статутот се менува, односно се ограничува право врзано за некој род акции, таа одлука се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат тој род акции, за одлуката гласаат на истото Собрание или на одделна седница на Собранието, со мнозинство на гласови како што со мнозинството гласови за истата одлука гласале акционерите од другиот род акции.

Член 40

Собранието не може да работи ако на Собранието не е обезбеден кворум за работа. Се смета дека на Собранието е обезбеден кворум за работа ако на Собранието присуствуваат верификувани акционери кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас (50% + 1: обично мнозинство). Ако Собранието не може да се одржи поради необезбеден кворум за работа, презакажано Собрание може да се одржи во рок од десет дена од денот за којшто е закажано одржувањето на Собранието, а кое поради немање кворум за работа, не се одржало. На презакажаното Собрание може да се одлучува само за точките од дневниот ред на првото свикување на Собранието.

Член 41

(1) За работата на Собранието се води записник, кој мора да ги содржи податоците утврдени во ставот (1) на членот 407 на ЗТД.

(2) За записничар не може да биде избран член на Управниот одбор, член на Надзорниот одбор ниту претседавачот на Собранието. Записникот се подготвува во рок од седум дена од денот на одржувањето на Собранието.

8. УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО И НАДЗОР

Член 42

(1) Управувањето со Друштвото е организирано според двостепениот систем. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор.

Член 43

(1) За член на Управниот одбор и на Надзорниот одбор можат да бидат избрани само физички лица кои се деловни способни.

(2) За член на Управниот одбор и на Надзорниот одбор не може да биде избрано лице против кое е изречена мерка на безбедност забрана за вршење дејност од определено занимање кое, делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на Друштвото додека трае таа забрана.

1. **Органите што вршат избор на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор**

Член 44

(1) Членовите наУправниот одбор ги избира Надзорниот одбор со одлука за избор, од кои еден од членовите на Управниот одбор го именува за претседател на Управниот одбор. Одлуката за избор на членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор ја донесува со мнозинство на гласови од кворумот за работа на Надзорниот одбор. Одлуката за изборот влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) Пред да се пристапи кон избор на член на Управниот одбор и на Надзорниот одбор, за секој член, во писмена форма, се објавуваат податоците од ставот (3) на членот 344 од ЗТД.

(3) Податоците од ставот (5) на овој член за изборот на член на Управниот одбор се доставуваат до Надзорниот одбор, односно до лицето овластено од Надзорниот одбор, најдоцна седум дена пред да се пристапи кон изборот на членот на Управниот одбор од Надзорниот одбор.

(4) Податоците од ставот (2) на овој член за изборот на член на Надзорниот одбор се доставуваат до Управниот одбор, односно до лицето овластено од Управниот одбор, најдоцна седум дена пред првата наредна седница на Собранието, односно пред Собранието да пристапи кон изборот на членот на Надзорниот одбор.

(5) Пред изборот на физичко лице за член на Управниот одбор, кандидатот во писмена форма, го известува Надзорниот одбор за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во Друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски што ги има спрема Друштвото. Одлуката за изборот на член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор спротивно на податоците од овој став, не произведува правно дејство и е ништовна.

Член 45

Членовите на Управниот одбор, без одобрение на Надзорниот одбор, не смеат да превземаат дејства утврдени во одредбите на ставот (1) на членот 348 на ЗТД.

Член 46

(1) Секој член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор кој, од договор или од друга деловна активност на Друштвото во која Друштвото е странка, има интерес, дури и на посреден начин, мора да постапи според одредбите на членовите 457, 459 и 460 на ЗТД, и е должен за тоа да го извести Управниот одбор, односно Надзорниот одбор. Ако односниот Одбор не даде одобрение или ако даденото одбрение е незаконито, последиците произлезени од договорот или од деловната активност не произведуваат правно дејство спрема третото лице, ако третото лице не знаело за непостоењето на одобрение или за незаконито даденото одбрение, освен ако третото лице знаело или ако според околностите можело да знае за тоа.

(2) Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето ниту во донесување на одлуката за давање на претходно одобрение од страна на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор или на Собранието, со мнозинството гласови од членовите на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор, а кога Одлуката за одобрението ја донесува Собранието, тогаш одлуката се донесува со мнозинството гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас.

Член 47

Членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во Одборот. Актите, односно одлуките на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор донесени надвор од нивните овластувања утврдни со ЗТД и со овој Статут, го обврзуваат Друштвото во односите со трето лице, освен ако третото лице знаело или со оглед на околностите морало да знае за тоа.

Член 48

(1) Членовите на Управниот одбор најмалку еднаш во три месеци на Надзорниот одбор му поднесуваат пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.

(2) На барање на Надзорниот одбор, Управниот одбор составува посебен пишан извештај за рабоењето на Друштвото или за некое друго прашање на Друштвото. На барање на една третина од членовите на Надзорниот одбор, членовите на Управниот одбор се должни да ги подготват сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над неговата работа.

(3) Управниот одбор ги подготвува одлуките што ги донесува Собранието и истите ги спроведува. Во постапувањето по обврските од првата реченица на овој член, Управниот одбор е должен:

1) Да ги подготви општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на Собранието;

2) Да ги подготви договорите што можат да се склучат само со согласност на Собранието;

3) Да ги извршува одлуките што Собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност и

4) Да врши други работи што со законот и со овој Статут ги има спрема Собранието и што се во рамките на неговата надлежност.

Член 49

Во случај на загуба, на презадолженост и на неспособност за плаќање на Друштвото, Управниот одбор е должен да постапи според одредбите на членот 354 од ЗТД.

Член 50

(1) Мандатот на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор изнесува четири години, и тие можат без ограничување повторно да бидат избрани за членови на овие Одбори.

(2) Член на Управниот одбор не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно за член на Управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Р. Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон.

(3) Член на Управниот одбор не може да биде избран за неизвршен член, како и за член на Надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Р. Македонија.

(4) Член на Надзорниот одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори, како неизвршен член, како ни во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Р. Македонија.

Член 51

Ако одделни членови на Надзорниот одбор престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на Надзорниот одбор продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место, но не можат да донесува значајни одлуки за Друштвото.

Член 52

(1) Собранието со одлука го определува месечниот паушал на членовите на Надзорниот одбор. Членовите на Надзорниот одбор имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

(2) Членовите на Управниот одбор имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права. Правата на членовите на Управниот одбор утврдени во првата реченица на овој член, ги утврдува Надзорниот одбор.

(3) За работата на членовите на Управниот одбор, Собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката. Учеството, по правило, се состои од учество со дел од годишната добивка на Друштвото (исплата во пари, акции, тантиема, бонус или друг начин). Одобреното учество во годишната добивка на Друштвото се пресметува на делот од годишната добивка што останува по намалувањето на остварената добивка за износот од вкупните загуби пренесени од претходните години, доколку Друштвото искажало загуби, и за износите што се издојуваат за законски и за статутарни резерви, во согласност со одредбите на ЗТД и со овој Статут. Одлука што е спротивна на оваа одредба е ништовна.

(4) Правата на членовите на Управниот одбор, во работен однос во Друштвото, во однос на одредбите на овој член се уредуваат со договорот за уредување на односите меѓу Надзорниот одбор и секој одделен член на Управниот одбор, кој во име на Надзорниот одбор го потпишува претседателот.

(5) Ако дојде до влошување на финансиската состојба на Друштвото може да дојде до намалување на примањата на членовите на Управниот одбор, а односите утврдени со договорот од ставот (4) на овој член остануваат непроменети со промената на финансиската состојба на Друштвото.

(6) За посебно доверени работи што член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор ќе ги изврши за Друштвото, може да му се признае дополнителна награда.

(7) Средствата што се исплатуваат на членовите на Управниот одбор, односно на членовите на Надзорниот одбор во вршењето на својата функција, се трошоци на работењето на Друштвото.

(8) Друштвото, на член на Управниот одбор, односно на член на Надзорниот одбор не може да дава кредит. Под забрана не се опфатени обврските од договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор, ако Одлуката ја потврди Собранието со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

(9) Членот на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор е должен овластувањата што му се дадени со ЗТД и со овој Статут да ги врши во интерес на Друштвото и во интерес на акционерите со внимание на уреден и совесен трговец и не може своите овластувања да ги пренесе на друг член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор.

(10) Ако во текот на извршувањето на своите должности членот на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор се потпира на информации и мислења на независни правни советници, сметководители и овластени ревизори, за кои се верува дека се доверливи и компетентни за работите што ги вршат, се ослободува од обврската да постапува со внимание на уреден и совесен трговец.

(11) Ако членовите на Управниот одбор, во текот на извршувањето на своите должности ги повредат своите обврски, со тоа што не постапувале со внимание на уреден и совесен трговец, на Друштвото му одговараат како солидарни должници за причинетата штета.

(12) Не се смета за повреда на обврските утврдени во овој член ако член на Управниот одбор работел врз основа на одлука на Собранието, и тогаш кога Одлуката е усвоена и покрај укажувањето дека Одлуката е спротивна на одредбите на ЗТД. Не се смета за повреда на обврските и тогаш кога членот на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор се спротиставил на донесувањето на Одлуката, а своето мислење го издвоил на записникот од состанокот на Одборот.

2. Деловна тајна

Член 53

(1) Членовите на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член трае и по престанувањето на мандатот на член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор, во согласност со обврските преземени со договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и член на Управниот одбор.

(3) Ограничувањата на овластувањата за застапување на членовите на Управниот одбор се без правно дејство спрема трети лица, дури и ако ограничувањата биле јавно објавени.

3. Отповикување и оставка

Член 54

(1) Собранието може да ги отповика сите членови на Надзорниот одбор и пред истекот на времето за кое биле избрани, со јавно гласање и со мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на Собранието. Ако Собранието донесе одлука за отповикување на сите членови или само на член на Надзорниот одбор, на истата седница избира нови членови, односно нов член на Одборот на местото на отповиканите, односно на отповиканиот, ако се исполнети обврските од одредбите на членот 344 на ЗТД, во однос на податоците за кандидатите, односно за кандидатот.

(2) Надзорниот одбор може во кое било време, со или без образложение, да ги отповика сите членови на Управниот одбор, односно негов член и на истата седница избира нови членови на Управниот одбор, односно нов член. Одлуката за отповикувањето влегува во сила од денот на донесувањето.

(3) Членот на Управниот одбор кој е отповикан има право на надомест на штета, чиј износ се утврдува со договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и членот.

(4) Ако на Годишното собрание во расправата за одобрувањето работата на Управниот одбор, во однос на начинот на водењето на работењето на Друштвото, поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и со годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, донесе одлука со која не се одбрува неговата работа на некои членови или на сите членови на Одборот, на истата седница може да одлучи да пристапи кон избор на членовите на кои не им е одобрена работата, или на сите членови, ако на сите членови не им е одобрена работата, и да пристапи кон избор на нови членови на местото на оние на кои не им ја одобрило работата или изборот да го изврши на продолжената седница на Собранието во рок од 10 дена од денот на објавувањето на датумот на кој ќе продолжи седницата на Годишното собрание.

(5) Член на Управниот одбор, може во кое било време со поднесување писмено известување до Надзорниот одбор, да поднесе оставка. Потписот на известувањето до Надзорниот одбор на членот што поднесува оставка, се заверува кај нотар. Надзорниот одбор во однос на писменото известување за оставката на членот на Управниот одбор постапува според одредбите на ставот (3) на членот 364 на ЗТД и согласно менаџерскиот договор.

(6) Член на Надзорниот одбор може во кое било време со поднесување писмено известување до Собранието да поднесе оставка. Потписот на известувањето до Собранието на членот што поднесува оставка, се заверува кај нотар. Собранието во однос на писменото известување за оставката на членот на Надзорниот одбор постапува според одредбите на ставот (3) на членот 364 на ЗТД.

## 4. Статусот на членовите на Управниот одбор и на раководните лица

Член 55

(1) Правата и обврските што произлегуваат од работниот однос што ги стекнал член на Управниот одбор кој пред изборот е во работен однос во Друштвото, утврдени со договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и членот, му мируваат од денот на неговиот избор. Со изборот за член и со потпишувањето на договорот од првата реченица на овој став, правата од работниот однос ги остварува според условите утврдени во договорот.

(2) На лицата кои со одлука на Управниот одбор се назначени како лица со посебни овластувања и одговорности (во понатамошниот текст: раководни лица), соодветно се применуваат одредбите од ставот (1) на овој член, односно според условите утврдени во договорот за уредување на односите со раководното лице меѓу Управниот одбор и раководното лице.

(3) Договорот за уредување на односите со раководно лице, го потпишува Претседателот на Управниот одбор и раководното лице.

(4) На членовите на Управниот одбор и на раководните лица не се применуваат одредбите од колективните договори, како и одредбите од Законот за работните односи во смисла на одредбите од ставот (4) на членот 366 на ЗТД.

## 5. Начин на работа на Управниот одбор и на Надзорниот одбор и кворум за работа и за одлучување

Член 56

(1) Управниот одбор, односно Надзорниот одбор одлучува на состанок. Управниот одбор или Надзорниот одбор може да работи ако на состанокот е обезбеден кворум со мнозинство од најмалку половина од сите членови на Одборот присутни на состанокот. Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од кворумот на состанокот. Гласот на Претседателот, а во негово отсуство на претседавачот кој е овластен од Претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

(2) Одлуките од ставот (1) на овој член влегуваат во сила со денот на нивното донесување.

(3) Состаноците на Управниот одбор ги закажува Претседателот. Член на Управниот одбор може да иницира состанок доколку добие поддршка од најмалку една третина од членовите, кога Претседателот е должен да свика состанок, а одбива да свика состанок.

(4) Се смета дека членовите на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор се присутни на состанокот и одлучуваат на состанокот и тогаш кога за

одлуките по дневниот ред се гласа и по телефон, односно по мобилен телефон, доколку на ваков начин може со сигурност да се утврди идентитетот на членовите. Одлуките кои ќе се донесат на ваков начин на присуство и одлучување утврдени во записникот од состанокот, задолжително го потпишуваат сите членови на Одборот.

(5) За работата на секој состанок на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор се води записник. Записникот го потпишуваат сите членови на Одборот кои присуствувале на состанокот.

(6) Членовите на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор можат да одлучуваат и без одржување на состанок, ако сите членови на Одборот дадат согласност за одлуката што се донесува без одржување на состанок, ако Претседателот на Одборот, односно физичкото лице од него овластено, ќе подготви записник во кој се евидентира одлуката. Записникот го потпишува Претседателот на Одборот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на давањето на согласноста за одлуката која што е донесена без одржување на состанокот.

(7) Одлука без одржување состанок може да се донесе и со извршен своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на Предлогот на одлуката.

(8) Одлуката влегува во сила со денот на давањето на согласноста на сите членови на Одборот.

Член 57

(1) Управниот одбор, односно Надзорниот одбор може, како помошни тела, да формира една или повеќе комисии.

**А) Управен одбор**

Член 58

(1) Управниот одбор се состои од пет члена. Управниот одбор управува со Друштвото и, во тие рамки, под сопствена одговорност, го води работењето на Друштвото. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на Друштвото и да дејствува во сите околности во име и за сметка на Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото. Управниот одбор, во вршењето на сите работи сврзани со водењето на рабоите и на тековните активности на Друштвото, има овластувања:

1) Да ја води деловната политика во сите домени на Друштвото;
2) Да ја донесува Програмата за работењето и Планот на Друштвото и притоа да дава насоки за нивното спроведување;
3) Да ја утврдува внатрешната организација на Друштвото;
4) Да одлучува по приговор на работник како второстепен орган за правата, обврските и одговорностите на работникот од работниот однос;
5) Да одлучува за купување и продажба на основни и на други средства чија вредност не надминува 10% од номиналната вредност на основната главнина;
6) Да донесува одлука за попис на основните средства;
7) Да донесува одлука за одобрување на зделка, која не се смета за голема зделка, со вредност од 20 и помалку од 20 проценети од вкупната книговодствена вредност од имотот на Друштвото.

8) Да одлучува за други прашања од интерес за акционерите и за Друштвото што не се во надлежност на Надзорниот одбор и на Собранието, а што се утврдени со закон и со овој Статут.

(2) Надзорниот одбор не може да ги пренесе врз членовите на Управниот одбор овластувањата, кога се одлучува за:

1) Затворањето (престанокот) или на Друштвото или при пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;

2) Намалувањето или проширувањето на предметот на работењето на Друштвото;

3) Суштествените внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;

4) Воспоставувањето долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзиното прекинување;

5) Основањето или прастанокот на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото;

6) Основањето или прастанокот на подружници на Друштвото.

(3) Секое склучување на голема зделка (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или на отуѓување имот на Друштвото чија вредност изнесува над 20% од книговодствената вредност на имот на Друштвото определена врз основа на последните финансиски извештаи на Друштвото, со исклучок на зделки извршени (остварени) во текот на редовното работење на Друштвото, зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на Друштвото, и зделки поврзани со стекнување на конвертибилни обврзници, мора да биде со едногласна одлука одобрена од Надзорниот одбор.

(4) Одлуката за одобрување на голема зделка што се однесува на имот што се стекнува или што се отуѓува, чија вредност проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, ја донесува Надзорниот одбор во согласност на сите членови на Одборот.

(5) Надзорниот одбор може да одлучи да донесе одлука за одобрување на големата зделка или да не даде одобрување. Кога Надзорниот одбор ќе донесе одлука со која не дава одобрување на Управниот одбор за големата зделка, Надзорниот одбор може да одлучи големата зделка за која треба да се донесе одлука, да ја поднесе на одобрување на Собранието, со писмено известување за големата зделка, во кое наведува дека Собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка и препораката од Надзорниот одбор, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка.

(6) Одлуката за давање одобрение за голема зделка Собранието ја донесува со обично мнозинство. Ако станува збор за донесување Одлуката за давање одобрение за голема зделка, чиј предмет е имот со проценета вредност повисока од 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, Собранието Одлуката ја донесува со квалификувано мнозинство, најмалку со две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

(7) Секоја зделка во која заинтересирана страна е член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на Друштвото кој задно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на Друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на Друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересина страна.

МА
...ВНИТ
ОТ
ПАДИ
ЛУБО
СКОП

(8) Се смета дека лицето од ставот (6) на овој член е заинтересирана страна и дека има интерес во извршувањето на зделката од страна на Друштвото доколку тоа лице ги исполнува критериумите од ставот (2) на членот 457 на ЗТД, како и точките 1-4 на членот 457 на ЗТД.

(9) Не се смета за зделка со заинтересирана страна што се извршува од страна на Друштвото ако сите акционери во Друштвото имаат интерес во зделката и ако станува збор за остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од Друштвото, како и при стекнување или откуп на сопствени акции.

### 1. Застапување на Друштвото

Член 59

(1) Генералниот Директор кој е член на управниот одбор го застапува и претставува друштвото во односи со трети лица.

(2) Генералниот директор го води работењето на Друштвото и има широки овлстувања да ги врши работите поврзани со застапувањето, спроведувањето на Одлуките на Управниот одбор и вршење на тековни активности на Друштвото и да дејствува во сите околности во име на Друштвото, со исклучок на овластувањата што со закон изречно му се доверени на Претседателот на Управен Одбор.

(3) Надзорниот одбор може да даде овластување за застапување во определени правни дејствија или во определени видови правни дејствија и на други членови на управниот одбор.

(4) Во остварувањето на овластувањата од ставот (2) на овој член, Генералниот директор, особено, ги има следните овластувања:

- Ја предлага деловната политика утврдена со Програмата за работењето и со Планот на Друштвото;
- Го организира и ги координира работите и водењето на работењето на Друштвото;
- Се грижи за извршувањето на одлуките на Надзорниот одбор, на Собранието и на Управниот одбор;
- Ја предлага внатрешната организација на Друштвото;
- Го предлага назначувањето и разрешувањето на раководните лица во Друштвото и со нив го потпишува договорот за уредување на односите со раководни лица;
- Врши избор на работници кои немаат својство на раководни лица;
- Одлучува за правата и обврските на работниците од работниот однос во име на Друштвото како работодавец;

- Одлучува за ангажирање на надворешни соработници и на други надворешни извршители во зависност од потребите на работењето на Друштвото;

- Дава упатства и налози на вработените во врска со работите и во врска со водењето на работењето на Друштвото и

- Го организира пописот на основните средства;

- Врши други работи утврдени со закон и овој Статут, како и работи кои ќе му ги стави во надлежност Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор, во доменот на неговите овластувања.

(5) Генералниот директор кој го застапува Друштвото поднесува пријава за упис во трговскиот регистар. При уписот во трговскиот регистар, Генералниот директор, поднесува потпис-заверен кај Нотар.

**2. Застапник по закон, застапник по полномошно, полномошник по вработување, прокура**

Член 60

(1) Управниот одбор, доколку тоа право не му доверил на Претседателот, како застапник на Друштвото, може да овласти вршењето на определени правни работи да му ги довери на физичко лице застапник по закон. Именувањето, престанувањето на мандатот и податоците за застапникот по закон, како и ограничувањата спрема трети лица, се запишуваат во трговскиот регистар, со приложување потпис заверен кај нотар.

(2) Пропуштањето во постапката на која била нерегуларност во правната валидност на овластувањата, ограничувањата и обврските од ставот (3) на овој член од страна на застапуваното лице, не може да се употреби против трети лица, освен ако Друштвото докаже дека третите лица знаеле за тоа.

(3) Договорот, односно правната работа што застапникот по закон ќе ја склучи од името на застапуваното лице и во границите на своите овластувања ги обврзува непосредно застапуваното лице и другата договорна страна.

(4) Застапникот по закон може да даде полномошно на друго лице (застапник по полномошно), во границите на овластувањата на застапникот по закон што се запишани во трговскиот регистар.

(5) Застапникот по закон не може, без посебно овластување, да настапува како договорна страна и со Друштвото да склучува договори од свое име и за своја сметка, во свое име а за сметка на други лица, или во име и за сметка на други лица.

(6) Вработено лице во Друштвото, кое според природата на работите што ги врши во Друштвото, може да биде овластено како полномошник по вработување, да склучува такви договори и да презема такви правни дејства во рамките на работите што ги врши.

(7) Управниот одбор може да даде прокура, врз основа на писмен договор, на физичко деловно способно лице, без разлика на должноста и работите што ги врши, да склучува договори и да ги врши сите други правни работи и дејствија во име и за сметка на Друштвото во рамките на предметот на работењето на

Друштвото, да го управува претпријатието на Друштвото во постапките пред управните и другите државни органи, организациите и установите со јавни овластувања и судовите.

### 3. Начин на одлучување на Управниот одбор

Член 61

Управниот одбор е должен еднаш во три месеци на Надзорниот одбор да му поднесе пишан извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година поднесува и годишна сметка, годишнн финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото.

### Б) Надзорен одбор

Член 62

(1) Надзорниот одбор има пет члена.

(2) Собранието ги избира членовите на Надзорниот одбор со мандат од четири години, со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието (обично мнозинство). За член на Надзорниот одбор не може да биде избрано лице против кое е изречена мерка на безбедност забрана за вршење дејност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено со предметот на работењето на Друштвото додека трае таа забрана.

(3) Собранието, Одлуката за изборот и отповикувањето на членовите на Надзорниот одбор ја донесува со јавно гласање. На барање од акционер за изборот или за отповикувањето на член, односно на членовите на Надзорниот одбор да се гласа со тајно гласање на Собранието, кој има најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

(4) Одлуката на Собранието за изборот на член на Надзорниот одбор влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

(5) При изборот на на членовите на Надзорниот одбор еден член се избира како независен член на Надзорниот одбор. Независниот член на Надзорниот одбор е физичко лице коешто, односно на чијшто член на потесното семејство: (1) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со Друштвото, директно, како деловен партнер, како член на Управниот одбор, односно на Надзорниот одбор или како раководно лице; (2) во последните пет години нема примено или не прима дополнителни примања освен плата од Друштвото; (3) нема блиски семејни врски со некој од членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор или од раководните лица на Друштвото, и (4) не е акционер кој поседува повеќе од една десеттина од акциите на Друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десеттина од акциите на Друштвото.

(6) Надзорниот одбор од своите членови, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на Надзорниот одбор, избира Претседател на Надзорниот одбор.

(7) Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот на Одборот во кое било време и да избере нов Претседател.

(8) Членовите на Надзорниот одбор, Собранието може да ги отповика со одлука која се донесува со мнозинство на гласови од акциите со право на глас, претставени на Собранието (обично мнозинство).

Член 63

Надзорниот одбор одлучува на седница. Седниците ги закажува и со нив претседава Претседателот, а во негово отсуство, член од Одборот избран со мнозинство гласови од присутните членови на Одборот.

Член 64

(1) Надзорниот одбор врши надзор над управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор.

(2) На Надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања што се однесуваат на управувањето со Друштвото, со исклучок на овластувањата, кога за определени видови работи, како што се работите на членот 373 на ЗТД или други видови на работи утврдени со овој Статут, Управниот одбор може да одлучува со претходно одобрение од Надзорниот одбор.

(3) Ако, во смисла на ставот (2) на овој член, Надзорниот одбие да даде одобрение, Управниот одбор, со образложение поднесено до Собранието, може да бара одобрение од Собранието. Одлуката за даденото одобрение Собранието ја донесува со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието.

(4) Надзорниот одбор го застапува Друштвото спрема членовите на Управниот одбор.

(5) Надзорниот одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на Годишното Собрание.

## 9. ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНИ СМЕТКИ И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Член 65

(1) Друштвото е должно да води сметководство, да води трговски книги според двојно книговодство со дневник, главна книга и аналитички евиденции, што ги прави видливи сите преземени трговски правни работи, да води состојба на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите, да составува годишна сметка.

(2) Друштвото избира овластен ревизор врз основа на Одлука на Собранието.

## 10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 66

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да се применува Статутот на Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД – Скопје, донесен на седницата на Собранието на акционери одржана на 09.04.2008 година.

(2) Актите на Друштвото што не се во согласност со одредбите на ЗТД, со денот на почетокот на примената на овој Статут, не се применуваат и деловите што не се во согласност со одредбите на овој Статут, освен номиналниот износ на основната главнина.

(3) До усогласувањето на одредбите на актите со одредбите на ЗТД и со одредбите на овој Статут, доколку е потребно нивното усогласување, или до донесувањето на нови вакви акти, ќе се применуваат постојните акти на Друштвото.

Член 67

Овој Статут е напишан на македонски јазик.

Член 68

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото усвојување од Собранието.

**Членови на Надзорен одбор:**

1. **Сречко Трајковски**
2. **Трајанче Стефанов**
3. **Славица Трајковска**
4. **Бранко Тргачевски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Киро Стефанов**

Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Нотар Владимир Голубовски
подрачјето на Основните Судови на Градот Скопје

рдувам дека
ковски Сречко ул, Востаничка бр. 61-17, Скопје , член на НО на Градежен институт Македонија Скопје Стефанов Трајанче ул. Васко Карангелески бр. 23-13, Скопје член на НО на Градежен институт Македонија Скопје, Трајковска Славица ул. Востаничка бр. 61-17, Скопје член на НО на Градежен институт Македонија Скопје, Стефанов Киро ул. АФЖ бр. 45, Скопје претседател на НО на Градежен институт Македонија Скопје , Тргачевски Бранко ул. Срећко Пужалка бр. 58, Скопје член на НО на Градежен институт Македонија Скопје
во мое присуство своерачно се потпиша на писменото,

Идентитетот на подносителот на исправата го утврдив врз основа на лична карта бр. А0541942 МВР Скопје, врз основа на лична карта бр. А0767577 Издадена од МВР Скопје, врз основа на лична карта бр. А0541948 Издадена од МВР Скопје, врз основа на лична карта бр. А0856841 МВР Скопје, врз основа на лична карта бр. А0089308 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 63 став 4 од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 од Законот за судски такси во износ од 500.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 1000.00 денари.

Број УЗП 2791/2015
Во Скопје 25-09-2015

Нотар
Владимир Голубовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ
СКОПЈЕ

Јас, НОТАР Лидија Смиљаноска
за подрачјето на основните судови на град Скопје,
ул.Њуделхиска бр. 2/3-1

Потврдувам дека ова е препис на изворната исправа Статут.

Напишан е со други механички средства (фотокопија), кој има 28 страници.

Изворната исправа ја донесе со себе Елизабета Панеска-Круниќ ул. Христо Татарчев бр. 47/1-11, Скопје

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 6 од Законот за судски такси во износ од 1400.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 200.00 денари.

Број УЗП 3933/2020

Во Скопје 09-09-2020

Нотар
Лидија Смиљаноска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЛИДИЈА
СМИЉАНОСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
СВЕТЛАНА СТОЈНЕВА
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје

APOSTILLE
(Convention de La Haye du 5 Octobre 1961)

1. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дека е оваа јавна исправа е

2. Потпишана од страна на Светлана Стојнева

3. Во својство на помошник-нотар

4. Снабден со печат-жиг на Скопје

ПОТВРДУВА

5. Во град Скопје 6. на ден 27.10.2020 год.

7. Министерство за правда

8. Бр. 08-2/3979

9. Печат (жиг) ДРЖАВЕН СОВЕТНИК, Никола Прокопенко

10. Потпис

Republika e Maqedonisë së Veriut • MINISTRIA E DREJTËSISË • Република Северна Македонија • МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА